РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗАМ

# ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗАМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Број 04-264/1
13.05.2022 година
Скопје

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавен сектор (Службен весник на РМ бр.27/14 и 199/14), врз основа на членот 14 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 59/12, 156/10, 187/13 и 41/2014), Директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на РМ донесе:

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗАМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Правилникот за внатрешна организација на Агеницијата за промоција и поддршка на туризмот бр. Број 01- 381/1 од 11. 05. 2015 година, во член 7, после точка 5. Одделение за внатрешна ревизија се додава нова точка 6., која гласи:

**„ 6. Проектна единица за имплементација на ИПА и други проекти“**

Член 2

Во член 12, после точка 5. Одделение за внатрешна ревизија се додава нова точка 6., која гласи:

**„ 6. Проектна единица за имплементација на ИПА и други проекти“**

Проектната единица за ИПА проекти ги врши работите и работните задачи од надлежност на Агенцијата кои се однесуваат на:

Имплементација на ИПА кои се однесуваат на сите аспекти од спроведувањето на проектот во согласност со условите утврдени во Договорот за проектот.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министертсвото за информатичко општество и администрација.

Број . 04-264/1

Скопје, 13.05.2022 година

Директор

д-р Љупчо Јаневски